**20240501274**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) и член 24 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 февруари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ДРУШТВОТО ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Во Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија бр.229/23) во точката 1 зборовите „3.291.222.020 денари“ се заменуваат со зборовите „2.967.286.061 денари“, а зборовите „509.468.044 kWh“ се заменуваат со зборовите „557.840.755 kWh“.

2. Во точката 2 зборовите „3.240.053.767 денари“ се заменуваат со зборовите „2.922.469.494 денари“, а зборовите „509.468.044 kWh“ се заменуваат со зборовите „557.840.755 kWh.

3. Во точката 3 зборовите „51.168.253 денари“ се заменуваат со зборовите: „44.816.568 денари“, а зборовите „509.468.044 kWh“ се заменуваат со зборовите „557.840.755 kWh.

4. Во точката 4 табелата се менува и гласи:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.688,5984 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,9392 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2.955,0472 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,1436 |

5. Точката 5 се менува и гласи:

Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи се Домаќинства и Останати се утврдува да изнесува 1 : 1,75.

6. Точката 6 се менува и гласи:

„Тарифните ставови од точка 4 на оваа одлука ќе се применуваат од денот на отпочнувањето на примена на оваа одлука до крајот на грејната сезона 2023/2024 година.“

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 февруари 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр.08-132/24
29 февруари 2024 година
Скопје